Влада на Република Северна Македонија

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -

## Име на сектор

Врз основа на член 197 став 2, член 211 и 212 став 3 од Законот за социјална заштита **(Службен весник на Р. С. М. бр. 104/19, 146/19,** 275/19, 302/20 и 311/20 **)** и член 7 и 8 од Колективен договор (**Службен весник на Р. С. М. бр. 249/19** ), Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС (01/2021)**
**за вработување на еден извршител на неопределено време во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово**

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, објавува оглас за вработување на еден (1) извршител на неопределено време на следната позиција:

- СО30303А05017 – Дипломиран социјален работник од петто ниво А5, (1) еден извршител, во Служба за права на парична помош за Општина Куманово и Старо Нагоричане, Оддел за права на парична помош – Општина Старо Нагоричане и дел од Општина Куманово.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови утврдени со Правилникот за систематизација на работното место во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните посебни услови утврдени со Правилникот за систематизација на работното место во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово:

За дипломиран соцcијален работник за ниво А5 потребно е кандидатот да има стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен (социјална работа и социјална политика) без или со најмалку една година работно искуство.

Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Општи работни компетенции на средно ниво:

- Учење и развој
- Комуникација
- Остварување на резултати
- Работење со други/тимска работа
- Ориентираност кон странките/засегнати страни
- Финансиско управување

Пријавата и доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена кај нотар треба да се достават во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

Кандидатите за оваа позиција, потребно е да ги достават следните документи:

- Уверение за државјанство;
- Уверение / диплома за завршен степен на образование;
- Доказ познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Лекарско уверение за општата здравствена способност за работното место.
- Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана на вршење професија дејност или должност;
- Кратка биографија;


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков“ бр. 4
1300 Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
www.jumcsrkumanovo.com.mk

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -

## Име на сектор

- Писмо за мотивација.

Распоред на работно време: работни часови во неделата- 40, работно време од понеделник до петок со почеток на работното време помеѓу 7:30 и 8 :30 часот и завршеток на истото помеѓу 15 :30 и 16:30 часот.

Паричниот износ на основната нето плата изнесува 26.224, 00 денари.

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2021 год. се : Македонци (1).

Со избраниот кандидат кој за прв пат се вработува во Јавна установа за социјална заштита како давател на јавни услуги пробната работа ќе трае (4) четири месеци, по што избраниот кандидат ќе треба да се стекне со Лиценца за работа во установата за социјална заштита.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3 работни дена сметано од денот на објавувањето на огласот. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

**Пријавата со потребната документација** треба да се достави до архивата на: ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, или по пошта на следната адреса: ул.Тодор Велков бр.4, Куманово со назнака за Јавен оглас за вработување.

Ненавремените пријави и документација нема да се разгледуваат.

Директор
Александра Арсовска

-


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков“ бр. 4
1300 Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
+389 31 438 170
www.jumcsrkumanovo.com.mk